**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-425/9**

**Скопје, 31.10.2007 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда (во понатамошниот текст МП), сметка за приходи наплатени од органи за 2006 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2005 година, која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија и издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерството за правда.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, министер за правда до 26.08.2006 година,
    - Михајло Маневски, министер за правда од 26.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 21.05. до 06.07.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

10.1.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста на ставката - Други неданочни приходи која според сметководствената еводенција изнесува 816 илјади денари, поради необезбедена документација за основот на наплата и нивно евидентирање, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Според наведената цел на дознака во банковите изводи на сметката на министерството ревизијата можеше да согледа дека истите се однесуваат на наплатен надомест за трансфер на осудени лица во износ од 570 илјади денари, повраќај на средства од исплатен надомест за неоснован притвор во износ од 222 илјади денари и од повраќај на средства од налог за извршување во износ од 24 илјади денари. Остварениот приход од наплатен надомест за трансфер на осудени лица во износ од 570 илјади денари, не е уплатен на соодветните уплатни сметки за јавни приходи, спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, што има за последица неосновано располагање и користење на средства што се приход на Буџетот на РМ. За приходот остварен по основ на повраќај на средства од повеќе исплатен надомест за неоснован притвор во износ од 222 илјади денари, ревизијата не беше во можност да го утврди основот, ниту изворот на спротиставените трошоци (од која сметка и ставка претходно се исплатени средствата) поради неприложена документација.
Необезбедената документација во вид на пресметка за извршена услуга не дава цврсти докази за точноста, законитоста и целосноста на овој вид приходи, поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на прикажаните неданочни приходи во Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

10.1.2. Исплатени се средства од повеќе ставки (патни и дневни расходи, комунални услуги, ситен инвентар, алат и други материјали, поправки и тековно одржување, договорни услуги и капитални расходи) од страна на Министерството за финансии по извршни судски решенија од сметката за приходи наплатени од органи, во износ од 4.276 илјади денари, што претставува 66,39% од вкупните тековни и капитални расходи. Пресудите врз основа на кои се донесени овие решенија се однесуваат на постапки по основ на работни спорови или друг основ, и спорови за надомест на

материјална и нематеријална штета поради неоправдано осудени или неосновано лишени од слобода лица, по завршена судска постапка, согласно Законот за кривична постапка. Дел од овие расходи се поткрепени со соодветна документација (пресуди за надомест на материјална и нематеријална штета поради неоснован притвор) во износ од 1.839 илјади денари, а за останатиот дел во износ од 2.390 илјади денари не е презентирана никаква документација, што укажува на невоспоставен систем на интерни контроли кој ќе обезбеди соодветна база на податоци од денот на доставеното барање на физичко лице за надомест на штета до реализирањето на истото преку вонсудска спогодба или по судски пат и некоординираност на секторот за правосудство со секторот за финансирање пред и за време на исплатата на средства по судско решение. Исплатата по судските решенија го нарушува редовното работење на МП и предизвикува неисполнување на веќе преземени и договорени обврски према добавувачите.

10.1.3. За полагање на испитите (правосуден, нотарски и испитот за извршители) се формирани комисии од министерот на кои им се исплатува надоместок согласно донесените решенија за висина на надоместок. Во 2006 година од сметката приходи наплатени од органи исплатени се средства за надоместок на комисиите во износ од 1.653 илјади денари и од сметката за средства од Буџетот во износ од 632 илјади денари. Во прилог на решенијата за исплата на надоместок на комисиите нема приложено пресметки за утврдените поединечни износи на претседателот, членовите и секретарот на комисиите, поради што не можевме да се увериме во точноста на исплатените износи и реалноста и објективноста на искажаните расходи.

**Препораки и мерки**

1. Одговорните лица во Секторот за финансирање на МП да обезбедат евидентирање на сите видови приходи врз основа на соодветна документација (пресметки, уплатници и други документи) со цел потврдување на износот и основот по кој се остварува приходот. Исто така, МП во соработка со Министерството за финансии да превземе соодветни мерки и воспостави процедури за правилно насочување на јавните приходи.
2. Во секторот за правосудство – одделение за помилување и надомест на штета да се воведе база на податоци од денот на доставувањето на барањето на обвинетото или осуденото лице, за надомест на штета до реализирањето на истото преку вонсудска спогодба или по судски пат.
3. Секретарите на комисиите пред исплатата на надоместоците на комисиите да изготвуваат пресметки според утврдените критериуми со закон и иститe да ги доставуваат до Секторот за финансирање како прилог на решенијата за исплата.

10.2. **Ненаменско и незаконско користење на средства**

10.2.1. Незаконски исплатени средства во вкупен износ од 173 илјади денари на секретарите за техничка подршка на комисиите за спроведување на испитите за нотари, правосуден и за извршители, од причина што овие лица се вработени во МП, немаат решенија за назначување на секретар, а согласно Правилникот за систематизација на работни места наведената активност спаѓа во редовните работни задачи.

10.2.2. Исплатени се надоместоци на комисиите задолжени за организирање и спроведување на нотарски испит и испитот за извршители во износ од 738 илјади денари кој не е законски регулиран што има за ефект неосновано искористени средства од Буџетот на РМ.

**Препораки и мерки**

1. Во наредниот период да не се врши исплата на надоместок на вработени во МП за работи кои влегуваат во редовни работни задачи, согласно Правилникот за систематизација на работните места.
2. Одговорните лица во секторот за надзор на работата на извршители и нотари да преземат активности за регулирање на надоместоците за работа на комисиите за спроведување на испити (нотарски испит и испит за извршители) со законски прописи.

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.1, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за правда-сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 10.1.1. и 10.2, кај Министерството за правда – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 31.10.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 6,247 | 4,664 |
| Трансфери и донации | | 964 | 75 |
| **Вкупно приходи** | | **7,211** | **4,739** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | | 5,440 | 3,550 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 41 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5,440** | **3,591** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 1,000 | 184 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,000** | **184** |
| **Вкупно расходи** | | **6,440** | **3,775** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **771** | **964** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.6.** | **771** | **964** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**Сметка за приходи наплатени од органи**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 771 | 964 |
| Активни временски разграничувања | 617 | 293 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,388** | **1,257** |
| **Вкупна актива** | **1,388** | **1,257** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 358 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 228 | 245 |
| Обврски спрема државата и други институции | 31 | 48 |
| Пасивни временски разграничувања | 771 | 964 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,388** | **1,257** |
| **Вкупна пасива** | **1,388** | **1,257** |